






# Новинарските здруженија бараат институционална реакција за заканите кон новинарот Мишко Иванов

06/05/2020 - 13:45 #ДАСЕКЛИКНЕИЛИНЕ, ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Осуда за онлјн заканите кои беа упатени кон новинарот Мишко Иванов на социјалната мрежа Фејсбук и брза институционална реакција побараа Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ).

Од ЗНМ појаснуваат дека вчеравечер, веднаш по завршувањето на интервјуата со лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, Христијан Мицкоски и Зоран Заев, извесен Бобан Петровски испратил порака полна со говор на омраза и закани до новинарот на ТВ24. Откако Иванов ја објави пораката на својот профил на Фејсбук, новинарките Анета Додевска и Наташа Стојановска исто така посочија дека во последно време и тие биле мета на напади, односно и до нив биле испратени пораки со слични содржини.

„Го повикуваме Министерството за внатрешни работи итно да отвори истрага за овие закани кон колегите и да поднесе пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на заканувачите. Заканите и говорот на омраза не спаѓаат во доменот на слобода на говорот и може да предизвикаат сериозни последици и самоцензура кај новинарите. Единствено преку строга санкција на ваквите закани од страна на институциите ќе може да се спречат идни напади и закани кон новинарите. Државата има обврска да обезбеди ефикасен систем на превенција и казнување на насилството врз новинарите, бидејќи тоа е основен предуслов за подобрување на состојбата со слободата на говорот. Затоа, инсистираме МВР и ОЈО веднаш да изнајдат начин за ефикасно истражување на ваквите закани“, порачуваат од ЗНМ.

Од ССНМ апелираат до сите новинари и медиумски работници ваквите напади, закани, онлајн малтретирање и слично да ги пријавуваат до органите на прогонот и соодветните институции, иако констатираат дека МВР не ги сфаќа сериозно.

„Институциите треба постојано да реагираат и да ги санкционираат ваквите појави бидејќи решавањето на случајот со нападите врз две новинарки од страна на Емил Јакимовски не смее да остане единствен. Во таа смисла, ССНМ ги повикува сите новинари и медиумски работници, да ги пријавуваат заканите и нападите во Синдикатот, преку пораки на Фејсбук страната или на електронската пошта ssnm.info@gmail.com . ССНМ ќе го документира секој случај и ќе преземе соодветни мерки, инсистирајќи до соодветните институции да ги преземат мерките што им стојат на располагање и истовремено информирајќи ги меѓународните институции за состојбата со нападите врз новинарите“, додаваат од ССНМ.







ПОПУЛАРНО


Српските туристи летово ќе доби 200 илјади електронски картички бесплатна патарина во земјава


МЗ: 13 починати и 14 новозаразен со Ковид-19

Поднесена иницијатива за референдум против дигитализацијата во образование - протестите продолжуваат

Песни на Ѓорѓе Балашевиќ влегол во учебниците за основно образование во Србија

МЗ: 14 починати и 46 новозаразен со Ковид-19

НОВО ЗА ВАС

LAJME NË GJUHËN SHQIPE

27/05/2021

Нов протест на текстилните работнички од Штип, Хелсинш бара одговорност за прекршен права

27/05/2021

* Оваа содржина е изработена со помош на Европската Унија во рамките на Проектот за младинско изразување. За објавените содржини е одговорен Младински образовен форум и истите нужно не ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

0 0

## МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА

27/05/2021 0

**Нов протест на текстилните работнички од Штип, Хелсиншки бара одговорност за прекршените права**

27/05/2021 0

**Новинарки на Радио МОФ ја добија наградата „Жан Моне“ за најдобра новинарска сторија**

27/05/2021 0

**МЗ: 13 починати и 53 новозаразени од Ковид-19**

27/05/2021 0

**Случајот Проташевич – „голема грешка која го врати фокусот на политичката криза во Белорусија“**

27/05/2021 0

**СОНК најави штрајк ако не се исплати прекувремената работа на наставниците, од МОН велат редовно уплаќале**

27/05/2021 0

**Светот под ризик да ја надмине границата на затоплување**

**Новинарки на Радио МОФ ја добија наградата „Жан Моне“ најдобра новинарска сторија**

27/05/2021

**МЗ: 13 починати и 53 новозаразени од Ковид-19**

27/05/2021

**Случајот Проташевич – „голем грешка која го врати фокусот политичката криза во Белорусија“**

27/05/2021

**СОНК најави штрајк ако не се исплати прекувремената рабо на наставниците, од МОН вела редовно уплаќале**

### РАДИО МОФ НА FACEBOOK

Радио МОФ
26,569 likes

Like Page Send Message

Радио МОФ
35 minutes ago




### РАДИО МОФ НА TWITTER

### РАДИО МОФ НА INSTAGRAM

radiomof

Tweets by @RadioMOF

**Радио МОФ**
@RadioMOF

По дојавите за наводна бомба, и личната наредба на претседателот Александар Лукашенко за приземјување на авионот, безбедносните сили во авионот не наоѓаат ништо. Но, го наоѓаат новинарот, активист и дисидент Роман Проташевич, и го апсатradiomof.mk/sluchajot-prot…

**Случајот Проташевич - „голема грешка ко…**
Патнички авион на авиокомпанијата „Рајане…
radiomof.mk

5h

**Радио МОФ**
@RadioMOF

Embed View on Twitter

Load More... Follow on Instagram

За нас · Програма · Импресум · Кон

Радио МОФ е непрофитен медиум. За да ви обезбедиме објективно и професионално информирање добиваме поддршка од повеќе организации. Содржините објавени на медиумот не ги изразуваат нивн ставови или ставовите на Младински образовен форум и се професионални медиумски содржини креирани од редакцијата на Радио МОФ.